# П Р О Г Р А М А

# за

## управување со отпад на

## Општина Крива Паланка

## за 2016 година

# Содржина:


1. Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво.......3

2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот.......5

3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот.......5

4. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад.......6

5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад.......7

6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите.......9

7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот.......10

8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за Преработка и за отстранување на отпадот.......11

9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад.......12

10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад.......12

11. Програмски мерки и активности за 2016 година.......13

# 1. Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво

ЈП„Комуналец“ во 2013 година за потребите на изработка на Планот за управување со отпад на Североисточниот регион направи проценка на составот на комуналнитот отпад по вид и количини. Количините на главните состојки на комуналниот отпад се дадени во Табела 1.

**Табела 1: Состав на комуналниот отпад и количини по видови во 2013 година**

| Вид на отпад | Количина (т/год) | Застапеност (%) |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 954 | 20,45 |
| Друг биоразградлив отпад | 1887 | 40,43 |
| Хартија | 114 | 2,45 |
| Картон | 170 | 3,65 |
| Стакло | 116 | 2,49 |
| Метали | 19 | 0,40 |
| Алуминиум | 18 | 0,38 |
| ПЕТ амбалажа | 183 | 3,91 |
| Пластични ќеси | 250 | 5,37 |
| Пластични ќеси од пакување | 77 | 1,62 |
| Друга пластика | 48 | 1,02 |
| Текстил | 43 | 0,92 |
| Кожа | 7 | 0,16 |
| Пелени | 130 | 2,79 |
| Отпад од градење и рушење | 6 | 0,13 |
| Електронски отпад | 6 | 0,13 |
| Опасен отпад | 11 | 0,24 |
| Тетрапак пакување | 25 | 0,54 |
| Фина фракција | 603 | 12,92 |
| **Вкупно** | **4667** | **100** |

Проценетиот состав на комунален отпад и количина по водови за 2016 година е дадено во Табела 2.

**Табела 2: Проценка на состав на комуналниот отпад и количини по видови за 2016 година**

| Вид на отпад | Количина (т/год) | Застапеност (%) |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 954 | 20,18 |
| Друг биоразградлив отпад | 1887 | 39,91 |
| Хартија | 114 | 2,41 |
| Картон | 170 | 3,6 |
| Стакло | 116 | 2,5 |
| Метали | 19 | 0,40 |
| Алуминиум | 18 | 0,38 |
| ПЕТ амбалажа | 183 | 3,9 |
| Пластични ќеси | 250 | 5,3 |
| Пластични ќеси од пакување | 77 | 1,63 |
| Друга пластика | 60 | 1,27 |
| Текстил | 43 | 0,91 |
| Кожа | 7 | 0,14 |
| Пелени | 130 | 2,75 |
| Отпад од градење и рушење | 16 | 0,34 |
| Електронски отпад | 15 | 0, 32 |
| Опасен отпад | 11 | 0,23 |
| Тетрапак пакување | 25 | 0,53 |
| Фина фракција | 603 | 12,75 |
| **Вкупно** | **4728** | **100** |

Проценката за годишната количина на отпад за периодот опфатен со Планот за управување со отпад 2015 – 2019 година е даден во Табела 3.

**Табела 3: Проценка на создавање на отпад во планскиот период**

| Година | Годишна количина на отпад (тони) |
|---|---|
| 2015 | 4.697 |
| 2016 | 4.728 |
| 2017 | 4.760 |
| 2018 | 4.791 |
| 2019 | 4.823 |

Причината за континуираното зголемување на количините на отпад е како резултат на континуираното зголемување на опфатот за организирано собирање на отпадот, зголемениот број на површини кои се одржуваат и уредуваат и како резултат на подобрената свест на граѓаните за фрлање на отпадот на определените места.

## 2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад ( Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15 и 165/15), правните и физичките лица кои во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да изготват и да ја реализираат Програмата за управување со отпад, согласно со член 19 од истиот закон.

## 3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот

Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период 2015 – 2019 година опфаќа мерки и активности за селекција на отпад. Во оваа Програма за управување со отпад за 2016 година се предвидува воспоставување на систем за селекција на отпадот преку:

- Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање;
- Проширување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема.

Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање со оваа програма се планира да се спроведе преку следниве активности:

- Подготовка на работен план за подигање на јавната свест;
- Дефинирање на целни групи;
- Работни средби и предавања на различни нивоа.

Проширувањето на селективното собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема, се планира да се спроведе преку следните активности:

- Обезбедување на финансиска конструкција;
- Определување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад;
- Определување на локации за еко - острови за селектиран отпад;
- Набавка на садови за селекција на отпад;
- Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман;
- Континуирано селектирање на отпадот во училиштата и градинките.

Во врска со издвојувањето на опасните состојки од отпад, покрај батериите и отпадот од електронска и електрична опрема за кои се планира воведување на централизирано собирање, правните и физичките лица кои создаваат опасен отпад ќе бидат обврзани преку интегрирани еколошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина да склучуваат договори со овластени правни лица за превземање на опасен отпад.

## 4. Мерки и активности за поттикнување на компостирање на биоразградливиот отпад

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година опфатено е компостирањето на биоразградлив отпад. Програмата за управување со отпад за 2016 година во делот на компостирање на биоразградливиот отпад ќе се спроведува преку:

- Доврштување на постапка за централизираното компостирање;
- Кампања за домашно компостирање од страна на населението.

Централизраното компостирање на биоразградливиот отпад е започнато , а се планира да се продолжи со неговото спроведување и надоградба на локацијата за компостирање на биоразградливиот отпад која е определена од страна на Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец и делумно уредена од страна на ЈП Комуналец. Со овој централизиран модел на компостирање би се опфатил

биоразградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови и домаќинства. Во 2016 година се планира доуредување на определената локација.

Во делот на домашното компостирање се планира едукација на населението за селектирање на биоразгардливиот отпад, негово биокомостирање и користење. Овој процес би се одвивал континуирано во целиот период опфатен со Планот за управување со отпад (2015 - 2019).

## 5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад

Генерално, нивото на свеста за животната средина во Општина Крива Паланка треба да се подига преку:

- Еколошка едукација во училиштата; и
- Дополнителна едукација или ширење на информации за животната средина.

Кампањата за подигање на јавната свест треба да ги подржи следниве цели:

- Проширување (по подрачја и видови) на селективното собирање на видовите отпад кои можат да се рециклират;
- Подобрување на собирањето и третманот на медицинскиот и опасниот отпад;
- Одржливото управување со органскиот отпад од земјоделството;
- Промовирање и подршка на биокомпостирањето;
- Промовирање на принципите „од отпад до енергија";
- Доследно спроведување на одредбите од Законот за управување со отпад.

Во подготовка и спроведување на кампањата за јавна свест, пресудно е да се вклучат клучните целни групи. За Општина Крива Паланка, потенцијалните заинтересирани страни и целни групи се:

- Пошироката јавност – домаќинствата;
- Локалните власти;
- Предучилишните и училишните образовни институции;
- Комерцијалниот и индустрискиот сектор;
- Комуналните служби и професионалците во управувањето со отпад;
- Болниците;
- Неформалниот сектор;
- НВО; и
- Медиуми и други канали за комуникација.

Се препорачува кампањата за подигање на јавната свест да биде насочена кон три суштински групи проблеми:

- **Стоп за дивото депонирање**
  - Зголемување на покриеноста на собирање на комунален отпад (вклучувајќи ја спремноста да се плати за подобра услуга);
  - Премин кон контролирано отстранување на отпад (регионална депонија); и
  - Рекултивација на дивите депонии.

- **Подобрување на превенцијата на отпадот, повторна употреба, преработка (на пр. Рециклирање) и наплата**
  - Интелегентно купување;
  - Селективно собирање;
  - Компостирање;
  - Транспарентност на тарифирањето т.е. трошоци за услуга.

- **Подобрување на управувањето со опасен отпад**
  - Селективно собирање на индустриски отпад;
  - Селективно собирање на медицински отпад;
  - Соодветно управување со отпадот од животински потекло.

Може да се препорачаат следните принципи за развивање на кампања за подигање на јавната свест:

- Приодот треба да е проактивен и позитивен. Граѓаните не треба да бидат оставени самите да ги интерпретираат промените, туку треба да имаат навремени информации за позитивните ефекти и придобивките;
- Политиката и структурните промени во областа на управувањето со отпадот на национално и локално ниво не може да се спроведат без поддршка од јавноста и нејзиното активно учество;
- Треба да се користат двата приода од долу нагоре и од горе надолу;
- Кампањата не треба само да дистрибуира одредена информација, туку исто така да креира можности за одговор на јавноста кој потоа ќе биде земен во предвид;
- Важно е од целните групи не само да се побара промена на нивниот став и однесување, туку и да се објаснат причините зошто тоа се бара и да се покаже како да се направи тоа;

- Да се осигура дека целните групи добиваат можности да го променат своето однесување. На пример, комуникацијата за селективно собирање оди заедно со можностите за селективно собирање;
- Пораката треба да се повторува и зајакнува.

Согласно Планот за управување со отпад за периодот 2015 – 2019 година, во оваа Програма за 2016 година како и во наредните години се предвидува информирање и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата поврзаност со природните ресурси. Од овие причини, овој План предвидува користење на различни форми за едукација и информирање на одредени целни групи и тоа во делот на:

- Селектирање на комуналниот отпад, преку јавни кампањи и информирање на населението со брошури и информативни листови за селективно собирање на рециклирачките видови на отпад и нивната улога во обезбедување на секундарни суровини и локациите и начинот на селектирање;
- Организирање на јавна кампања за едукација на населението за предностите и можностите кои ги нуди биокомпостирањето;
- Едукација за превенција во училиштата преку организрање на активности:
  - Организирање на собирање ПЕТ амбалажа и стара хартија;
  - Организирано собирање на батерии и електронски и електричен отпад во училиштата и градинките;
  - Донаторски акции за учебници, тетратки и други училишни помагала;
  - Донаторски акции за собирање на облека и предмети со мал габарит. Собраните предмети наместо да се одложат на депонија и така дополнително да ја оптоварат истата, може да бидат донирани.

Јавната кампања би се спроведувала преку организрање на трибини, печатење на материјали (брошури, информативни листови и сл.) и преку медиуми.

# 6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите

Со цел намалување на количеството на биоразградлив отпад што се отстранува на депониите, со оваа програма за управување со отпад е започнато со

процес на централизирано биокомпостирање на биоразградливиот отпад на веќе определена локација определена од страна на Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец. Со овој централизиран модел на компостирање е опфатен биоразградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови и мал дел од домаќинствата. Во 2016 година се планира продолжување на процесот преку **анализа на моделите за централно компостирање**. Произведенот компост ќе се користи од страна на ЈП Комуналец при одржување на градското зеленило.

## 7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот

Во Општина Крива Паланка во моментов отпадот се одлага на општинската депонија лоцирана без никаков предтретман. Постоечката депонија е лоцирана на 3 км југозападно од Крива Паланка, село Конопница, помеѓу магистралниот пат и Крива Река.

Општинската депонијата се користи од 1983 година. Моментално е со површина од 8.000 м$^2$. На депонијата дневно се отстрануваат околу 30-35 м$^3$, главно комунален отпад. Според проценките волуменот на остранетиот отпад на депонијата изнесува околу 150.000 м$^3$. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива. Разнесувањето на лесна фракција од отпадот се забележува на границата од депонијата. Општинската депонија е целосно несанитарна и скоро целосно е исполнета.

Од страна на Општина Крива Паланка изработен е проект кој е одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање за затварање и рекултивација на депонијата.

Со приклучување на Општина Крива Паланка во регионалниот систем на управување со отпад за Североисточниот плански регион, постоечката депонија треба да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме, мора да се опстојува на доследно спроведување на предложените мерки за рециклирање и компостирање опфатени со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година, со цел намалување на вкупниот отпад кој ќе заврши на општинската депонија, односно на определената времена депонија до изградба на регионалната депонија.

Општината за справување со градежниот шут има определно депонија за градежен шут (место викано Пашина Воденица), која се наоѓа на околу 2 км од градот, покрај магистралниот пат. Истата е исполнета со количина од околу 3.500

$м^3$. Оваа депонија беше предвидена да се затвори до крај на 2015 година, меѓутоа поради неизнаоѓање на нова локација за одлагање на градежен шут, оваа депонија не е затворена и затоа истата треба во 2016 година да се затвори, планира и рекултивира.

Со Програмата за 2015 година беше предвидено отпочнување на постапка за определување на нова локација за одложување на инертен отпад (градежен шут, земја и др.) но постапката не е спроведена и затоа оваа постапка треба да биде спроведена во 2016 година.

## 8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

Интегрираното управување со отпад подразбира следење на создавањето на отпад, минимизирањето на место на настанување, собирање, транспорт, третман и одлагање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и создавање на доволно соодветни капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба и пуштање во функција на регионална депонија.

Сите правни лица и физички лица создавачи на отпад, согласно Законот за управување со отпад се должни да имаат склучени договори за собирање и транспортирање на отпад со овластени собирачи на отпад.

Врз основ на податоците од ЈП Комуналец, на територијата на општината Крива Паланка, редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 15 – 20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните места кои се наоѓаат покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во пониските делови на општината и до кои има пристапни патишта. Во 2016 година од страна на ЈП Комуналец е планирано зголемување на опфатот на организирано собирање за 500 нови корисници пред се од руралните населби.

ЈП „Комуналец“ освен услугите за собирање на комунален отпад, спроведува и други активности како што се: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари.

Собраниот комунален отпад во целост се одложува на општинската депонија со делумна претходна селекција на хартија, пластика и електронски и електричен отпад.

# 9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад

Мониторингот на состојбите со отпадот во Општината Крива Паланка ќе се реализира преку создавање на релевантна база на податоци за состојбите со отпадот во општината која што треба да ја оформи ЈП Комуналец во соработка со општината. Мониторингот за 2016 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспортот на отпадот како и со изготвување на годишните извештаи за управување со отпад. Овие се задолжителни за ЈП Комуналец и за поголемите фирми односно компании кои продуцираат поголеми количини на отпад. Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент ќе може да има преглед на состојбите во областа на управување со отпадот. Се разбира дека ваквата пракса целосно сеуште не постои и затоа истата мора што поскоро односно во 2016 година да се воведе за да сиситемот на мониторинг на состојбите со отпадот и информирањето за истите да почне во вистинска смисла да функционира. Затоа мора да се има разбирање и што поскоро да се поведе сметка кај Општината и општинското јавно претпријатие за згоелемување на човечките ресурси и капацитети за следење на состојбите со управување со отпадот, собирање и доставување на податоци за видот и количините на отпад, начинот на создавање, контрола, обработка и анализа на податоците.

# 10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка се предвидува и затварање на дивите депонии (ѓубришта). Овој процес се предвидува да се одвива континуирано во целиот период опфатен со планот 2015 – 2019 година. Со цел намалување на бројот на диви депонии кои се создаваат на територијата на општина Крива Паланка се предвидува зголемување на опфатот за собирање на комунален отпад, преку поставување на садови за отпад и редовен транспорт на истиот. Согласно Планот за управување со отпад на овие локации каде има диви депонии, по чистењето да се пристапи кон уредување на просторот.

# 11. Програмски мерки и активности за 2016 година

### Област 1: Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад и затварање и ремдијација на постојната депонија

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во активностите за реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад за Североисточен регион | Согласно барањата на Североисточниот регион | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | 2016 континуирано | Според физибилити студија и Регионален План за управување со отпад за Североисточен регион | Буџет на РМ, ИПА фонд, Јавно приватно партнерство, буџет на општина |

### Област 2: Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена и поправка на дотраени садови за собирање на отпад со нови | -Замена на дотраени садови со нови садови– 20 бр. (до 200л.)<br>-Поправка на 20 бр. на садови | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Набавка на нови садови за проширување на опслуженото подрачје | -Набавка на нови контејнери – 20 бр. од 1,1 $м^3$ (10 нови за замена на стари и 10 за проширување на опфат)<br>-Определување на 10 нови локации за поставување на контејнери и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | 400.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Поставување на корпи за отпадоци на шеталиштето покрај магистралниот пат, главна улица и други јавни површини | -Избор на локации за поставување<br>-Набавка (изработка) на 50 корпи за отпадоци и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | 100.000 | Општина Крива Паланка |

## Област 3: Итна интервенција во собирање на инертен отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и сл.) | -Затворање на депонијата кај Пашина Воденица<br>-Формирање на тим за изнаоѓање на нова локација за одлагање на градежен шут<br>-Изготвување на Одлука<br>-Усвојување на Одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка<br>-Обезбедување на соодветна техничка документација и дозволи | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | 200.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

## Област 4: Превенција на отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавна кампања и едукација | -Изработка на информативни ливчиња<br>-Одржување на 3 едукативни кампањи и 2 обуки во училиштата | Општина Крива Паланка, Граѓански здруженија и консултанти | 2016 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка |
| Организирање на акции за донирање | -Организирање на акции по училиштата<br>-Организирање општинска акција | Општина Крива Паланка, основните и средното училиште, Црвен Крст | Март – Април 2016 Октомври - Ноември 2016 | 50.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Организирање на акции за собирање на разновиден отпад | -Реазлизација на акција „Да ја исчистиме Крива Паланка за еден ден“<br>-Приклучување на националната акција „Македонија без отпад“ | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, основните, средното училиште и граѓански здруженија | Октомври - Ноември 2016 | 10.000 | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец |

### Област: Организиран систем за селективно собирање и рециклирање

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање | -Подготвување на работен план за подигање на јавната свест<br>-Дефинирање на целни групи<br>-Работни средби и предавања на различни нивоа | Општина Крива Паланка, консултанти | 2016 континуирано | 10.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема | -Обезбедување на финансиска конструкција<br>-Определување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад<br>-Определување на локации за еко острови за селектиран отпад<br>-Набавка на садови за селекција на отпад – 30 бр.<br>Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2016 Континуирано | 400.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

### Област 5: Компостирање на биоразградлив отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Продолжување на процесот е на централизирано биокомпостирање и продолжување кампања за домашно биокомпостирање | -Примена на нови техники и пракси за централно биокомпостирање<br>-Доуредување на локација за централизирано биокомпостирање и ставање во функција<br>-Јавна кампања и Едукација на населението за селектирање на биоразградливиот отпад, негово биоконпостирање и користење | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2016 континуирано | 15.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

## Област 6: Диви депонии

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на План за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот<br>-Проценка на ризикот<br>-Проценка на финансиски средства потребни за затварање<br>-Рангирање диви депонии по приоритет | Општина Крива Паланка (потребна е консултантска помош) | Јануари – Јули 2016 | 120.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |
| Наоѓање на средства за затварање и ремидијација | -Алоцирање на средства од буџет на општина<br>-Барање на дополнителни средства од Влада на РМ и МЖСПП | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Август - Декември 2016 | / | / |
| Воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување | -Изработка на план за редовен и привремен мониторинг<br>-Одредување на казнени мерки за прекршителите | Општина Крива Паланка | 2016 континуирано | / | / |

## Област 7: Мониторинг на спроведување на планот и негово ажурирање

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на задачи на комисија | -Одржување редовни работни состаноци на комисија | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | / | / |
| Евидентирање | -Формирање база на податоци | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | / | / |
| Оценување на спроведувањето со користење на предложените индикатори | -Мерење на постигнатите резултати | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | / | / |
| Изготвување на годишни извештаи за спроведување на програма за управување со отпад | -Усвојување на извештаите од Советот на Општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Декември 2016 | / | / |
| Ажурирање на планот | -Изработка на годишни програми | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2016 континуирано | / | / |

**Област 8: Иницијатива за покренување активности од страна на МЖСПП**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Давање на иницијативи во делот на управување со разните видови на отпад | Покренување постапки, идеи , предлози и сл. до МЖСПП | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2016 континуирано | / | / |

Реализацијата на оваа програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година во многу што ќе зависи од одвоените средства од буџетот на Општина Крива Паланка.

Врз основа на член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15 и 165/15) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 28.12.2015година, донесе

# О Д Л У К А

**За усвојување Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година**

Член 1

Се усвојува Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година.

Член 2

Програмата за управување со отпад е изработена во согласност со Планот за управување со отпад за Општина Крива Паланка (2015 – 2019 ), усвоен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3376/21**
**28.12.2015 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**М-р. Борче Стојчевски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2016 година, што Советот ја донесе на 28-та седница, одржана на ден 28.12.2015 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3376/22
29.12.2015 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав.Арсенчо Алексовски